Врз основа на член 2 став 3 од Законот за заштита на децата (‚Сл.весник на РМ бр.23/13,12/14, 44/14,144/14, 10/15, 25/15, 150/15,192/15, 27/16, 163/17, 21/18,198/18 и Сл. весник на РСМ., бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/2021, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ, бр.5/02 и Сл.весник на РСМ бр 202/24) и член 11 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Конче ("Службен гласник на Општина Конче", бр.6/2006), Советот на Општина Конче на седница одржана на ден 17.06.2026 година, ја донесе следната,

**О Д Л У К А**

за бесплатен престој на децата во ЈОУД Г "12-ТИ ЈУЛИ"- Конче, Општина Конче

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Конче воведува бесплатен престој на децата згрижени во ЈОУД Г "12-ТИ ЈУЛИ"- Конче,Општина Конче.

**Член 2**

Надоместокот на трошоците за престој во ЈОУД Г "12-ТИ ЈУЛИ"- Конче што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата, согласно одредбите утврдени со Правилникот за утврдување на цени на услугите што ги дава Јавна Општинска Установа за деца детска градинка "12-ТИ ЈУЛИ"- Конче, Општина Конче ќе ги сноси Општина Конче.

**Член 3**

Средствата за надоместување на трошоците од член 2 на оваа одлука ќе се дозначуваат месечно на ЈОУДГ „12-ТИ ЈУЛИ" – Конче од Буџетот на Општина Конче, од програма V1- детски градинки, ставка 464- разни трансфери, врз основа на месечен извештај доставен од установата.

**Член 4**

Правото на бесплатен престој согласно оваа одлука го остваруваат сите деца згрижени во ЈОУДГ „12-ТИ ЈУЛИ" – Конче кои имаат живеалиште на територијата на Општина Конче, согласно расположливите сместувачки капацитети во установата и видот на престојот.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Конче", а ќе се применува од 01.07.2026 година.

Број 08-1333/14
Дата 17.06.2026
Конче

Совет на Општина Конче
Претседател
Бранкица Вчкова